

„Здивот ме врзува“ е првата изложба поставена во галерискиот простор на „Про Хелвеција“

## НОВ ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР ВО СКОПЈЕ

# PRESS TO EXIT – Галерија

На улицата Максим Горки, бр 19 (спроти ресторанот "Јоле") во рамките на Швајцарската фондација за култура Про Хелвеција , под покровителство на Швајцарската агенција за соработка и развој, отворен е нов изложбен простор - галерија PRESS TO EXIT. Во неа деновиве може да се погледне изложбата "Здивот ме врзува" на Стојан Вујичиќ која се состои од видео проекција и фотографии создадени во текот на оваа година на повеќе локации низ Македонија и Индија. Сценариото за филмот е на Наташа Бунтевска, чии стихови кои се дел од стихозбирката "Горниот град" ги делат деловите од филмот, индиската народна музика ја исполнува Цанка Велкова, а музичкото обликување на материјалот е на Стојан Вујичиќ. Авторот со овој проект се обидува да ги спореди културните феномени на две различни средини, ставајќи акцент на социјалниот аспект, мултикултурализмот и религиските разлики. Видеото визуелизира седум денонокија почнувајќи од Македонија и завршувајќи во Индија.

(.К.Б.)

